РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk

Бр.08-8347/1 од 24. 10. 2019 год.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# О Д Л У К А

за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација
по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14,
Општина Кисела Вода – Скопје
плански период 2015 - 2020

**Член 1**

Се организира повторна јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 2**

Повторната јавна анкета по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со изложување на предлог планот во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 3 локал 2, У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб и на www.kiselavoda.gov.mk.

**Член 3**

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14 Општина Кисела Вода - Скопје.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6) и во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 3 локал 2 и во У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб.

**Член 4**

Повторната јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 30.10.2019 година во 12:00 часот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски